Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 72, 10 декември 2011 година

декември 2011 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**


**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за научните области електронски компоненти и интегрирана електроника на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународни економски односи и меѓународна економија на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научна област бизнис менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис за учебник „Методика на наставата по книжевност-литературното дело и реципиентот” од проф. д-р Виолета Димова, вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Е-бизнис“ (учебник) од авторот проф. д-р Ристе Темјановски од Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 23

**РЕЦЕНЗИЈА** на книгата „Трансфузиски трансмисивни заболувања” од авторите д-р Никола Камчев и д-р Милка Камчева од Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на програмирање“ од авторот д-р Владо Гичев од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 34

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Трговско право“ од м-р Борка Тушевска, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот Трговско право“ од м-р Борка Тушевска, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 38



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНИ ЕКОНОМСКИ ОДНОСИ И МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

Со Одлука бр. 1702-233/4 од 1.10.2011 година, донесена на седница на Наставно-научен совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, за избор на наставник во насловно звање ***вонреден професор*** за наставно-научната област ***меѓународни економски односи и меѓународна економија*** е избрана Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Милан Илиески,
– проф. д-р Ристо Фотов,
– проф. д-р Трајче Мицески.

По разгледување на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научен совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс, објавен во дневниот весник „Дневник” на 18.8.2011 година, за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област *меѓународни односи и меѓународна економија* се пријави кандидатот д-р Владо Поповски.

Кандидатот ги приложи следниве документи:

– пријава;
– уверение за одбранет докторат на економски науки (четири копии заверени на нотар);
– кратка биографија;
– потврда за познавање на англиски и германски јазик;
– уверение за државјанство;
– изјава дека не бил соработник со органите за државната безбедност.

Врз основа на поднесената документација, Рецензентската комисија го констатира следново.

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Владо Поповски** е роден на 11 декември 1963 година во Скопје. Економски факултет завршува во Скопје, во 1989 година. Во 2004 година ги завршува постдипломските студии на Економски факултет - Скопје. Магистрира на тема со наслов „*Импликации од воведување на еврото врз македонскиот банкарски систем*”. Во април 2011 година ја брани и докторската дисертација на Економскиот факултет во Скопје, со наслов „*Раководење со девизниот ризик кај комерцијалните банки*”.

Неговата кариера започнува во 1989 година во ФЕРО ПРОМЕТ а.д. –Скопје, каде што работел како комерцијалист во Одделението за увоз-извоз. Во 1991 година преминува во фирмата ЕВ-Енерго промет а.д. - Скопје, како директор на Секторот за увоз-извоз. Во 1994 година се вработува во Стопанска банка а.д. Скопје, каде што до 2003 година работел како раководител во Секторот за платен промет со странство, а од 2003 до 2008 година е извршен директор на Дирекцијата за имот во Секторот за ризични пласмани. Моментално е советник во Секторот за кадри.

Кандидатот има посетено повеќе семинари од областа на банкарското работење во земјава и во странство:

- 1999 година, шестмесечно усовршување во LHB BANK во Франкфурт –Германија;
- 2001 година - усовршувања од областа на банкарското работење во НОВА Љубљанска банка а.д. – Љубљана, Словенија;
- учество на семинари организирани во склоп на проектните активности „Тренинг програма за европска интеграција за цивилни службеници” организиран од ФАРЕ програмата во 2001 година на Економски факултет – Скопје;
- повеќе курсеви и семинари од областа на банкарството како лидершип и менаџерство, грижа за клиентите и др.;

Има објавено повеќе трудови од монетарната област и банкарското работење во повеќе списанија: ЕВРОБАЛКАН, потоа во списанието на Стопанска банка а.д.- Скопје и др.

За настано-научната дејност кандидатот нема приложено докази, ниту доказ дека е избран во наставно-научното звање.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на фактичката и правна состојба и извршената анализа на биографијата, професионалниот развој од описот на изработените и објавените стручни трудови се утврди дека кандидатот д-р Владо Поповски не ги исполнува условите од Конкурсот. Според Правилникот за единствените критериуми за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, кандидатот за избор во насловно звање - вонреден професор, треба да има и активности кои се бодираат и тоа: од наставно-образовна дејност (НО), научноистражувачка дејност (НИ) и стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност (СНОР).

За секоја активност од овие три вида во согласност на табелата што е прилог на Правилникот се одредуваат бодови.

Вкупниот минимум на бодови кои се потребни за избор на кандидатот се 75 бодови, сметано од изборот на доцент до изборот на вонреден професор.

Кандидатот д-р Поповски нема приложено докази за НО, ниту доволно за НИ и САОР.

Според оваа фактичка состојба, Комисијата констатира дека **кандидатот д-р Владо Поповски не ги исполнува условите за избор во насловно звање - вонреден професор.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Милан Илиески, редовен професор,с.р.**
**Д-р Ристо Фотов, редовен професор,с.р.**
**Д-р Трајче Мицески, редовен професор,с.р.**